

# Стефанка Хаџи Пецова

**Година на раѓање:** 1948
**Степен на образование:** Доктор на земјоделски науки од областа на пејзажната архитектура
**Работно искуство:** 40

**Релевантно искуство во областа:**
Работниот век го минува во Институтот за просторно планирање – Охрид, Скопје како просторен планер раководител на просторно планска документација и од 1989 година на Земјоделскиот факултет „Ѓорѓи Филиповски“ при УКИМ во Скопје сѐ до пензионирањето во 2014 година. Пофесор е на група предмети и во 2000 година во наставната програма ги воведува предметите од областа на планирањето на пределите и пејзажната архитектура. Предава и на Природно-математичкиот факултет, на Архитектонскиот факултет при УКИМ – Скопје и на Пољопривредни факултет на Универзитетот во Белград. Претстојува на Универитетот во Вагенинген (Холандија ) и како истражувач на Државниот универзитет во Аризона.

Член е на научни одбори и рецензент во неколку меѓународни списанија. Учествувала на повеќе меѓународни научни и стручни собири со свои трудови и била поканет предавач на меѓународни школи и собири. Членувала во повеќе меѓународни здруженија (Интернационалната федерација на пејзажни архитекти, Интернационалната асоцијација на екологијата на предели, БЕНА, Интернационалното здружение на науките од областа на хортикултурата, Асоцијацијата на пејзажните архитекти на СФРЈ, а потоа и на СРМ, член е во Европскиот совет на школите за пејзажна архитектура, член на Здружението на просторните планери на СРМ). Активен член е на Хортикултурното здружение на Македонија и основач и член на Сојузот за заштита на животната средина на Македонија. Била активен член на Националните комитети и тоа за хабитат, за одржлив развој, за биолошката разновидност, за разновидноста на пределите и пејзажите. Како член на Надзорни комитети учествувала во подготовката и донесувањето на Стратегијата за

биолошката разновидност и на Проценките на капацитетите на државата за глобално управување со животната средина. Била главен  уредник на професионалното списание „Хортус“ и списанието „Животна средина“. Има објавено пет стручни книги и повеќе стручни и научни трудови.

Клучните активности се во областите на просторното планирање каде што како раководител на тим учествувала во подготовка на просторните планови на неколку општини и неколку национални паркови и како член на работен тим учествувала во изработката на Просторниот план на СРМ и на скоро сите општини во земјата. Во подготовката на просторно-планската документација подготвувала анализи на влијанието врз животната средина. Учествувала и во подготовката на неколку урбанистички планови со фокус на вредностите на пределите и јавните зелени простори. Подготвувала финални и синтезни извештаи за повеќе национални документи како НЕАП (1996), Одржлив развој во РМ, локални акциски планови за Скопје и други градови во државата, вклучување на европските директиви за пејзажите, пределите и заштита на природата во националното законодавство. Раководи со изработката на  истражувачки интердисциплинарни проекти и тоа со проектот Зазеленување на Скопје и со Студијата за воспоставување зелени коридори долж течението на реката Лепенец и реката Серава. Како член на тим учествува во подготовката на Стратешкиот план за рехабилитација на Аквадуктот и неговото опкружување. Ја подготвува Студијата за вредностите на пределите во националниот парк „Маврово“. Како експерт за ревизија учествува во документот на РЕЦ за вградување на Целите за одржлив развој во националните стратешки документи.